Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за туристичката дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 септември 2004 година.

Бр. 07-3618/1
7 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

ЗАКОН
ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот за вршење на туристичката дејност.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Туристичка дејност” е организирање и спроведување на туристички патувања во туристички места, фамилијарни излети и други некомерцијални екскурзии и други туристички аранжмани во земјата и странство, давање на туристички информации, продавање и посредување при продажбата на угостителски и други туристички услуги, посредување околу издавање на куќи, станови и соби за туристи, вршење на услуги со туристички водичи и други услуги;

2. “Други услуги” се продавање на возни билети и осигурување на патници и туристи, туристички пропагандни активности, организирање на културни и спортски манифестации, менувачки работи, давање под наем на возила и пловни објекти, продавање на сувенири, туристичка литература и друга стока што се продава во туристичкиот промет, како и продавање на влезници за културни, спортски и други манифестации, уплата на лото, спортска прогноза, лотарија и слично;

3. “Вршители на туристичка дејност” се трговски друштва, трговци поединци и физички лица;

4. “Туристичко место” претставува подрачје или дестинација кое како организациона и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите;

5. “Туристички пакет-аранжман” е однапред договорена комбинација од најмалку две од следниве услуги продадени или дадени на продажба со тоа што вкупната услуга да трае подолго од 24 часа или вклучува сместување со ноќевање, односно сместување и тоа:

а) транспорт,

б) сместување и

в) други туристички услуги кои не се опфатени со транспортот и сместувањето и се значаен обем во рамките на туристичкиот пакет- аранжман;

6. “Излетничка програма” е комбинација од најмалку две понудени поединечни услуги кој трае помалку од 24 часа и во себе не вклучува ноќевање, односно сместување;

7. “Корисник” - потрошувач е лице кое купува или е согласно да купи туристички пакет-аранжман (примарен договарач), или друго лице кое во име на примарниот договарач се сложува да купи туристички пакет-аранжман (друг корисник - потрошувач) или кое било друго лице на кое примарниот договарач или другите корисници му го пренеле користењето на туристичкиот пакет-аранжман;

8. “Организатор на патување” е вршителот на туристичката дејност кој организира туристички пакет-аранжман и кој го продава непосредно или преку посредник;

9. “Посредник” е правно лице кое продава или нуди за купување туристички пакет-аранжман кој е изготвен од организаторот на патувањето;

10. “Договор” значи договорот кој ги сврзува корисникот и организаторот и/или посредникот склучен во писмена форма согласно со овој закон и Законот за облигационите односи;

11. “Туроператорска дејност” е трговија со туристички услуги на големо од страна на туристичките агенции непосредно или посредно преку други туристички агенции и

12. “Услуги во селски и етно туризам” се престој на туристите во селските домаќинства поради одмор и рекреација.

II.ВРШИТЕЛИ НА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Член 3

Туристичка дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци регистрирани во трговскиот регистар (вршители на туристичка дејност) под услови и начин утврдени со овој закон.

Физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат туристичка дејност од мал обем се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, ќе ги определи дејностите од мал обем во областа на туризмот.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината како и начинот на водење на регистарот од ставот 2 на овој член.

Член 4

Основачи на туристички агенции и туристички бироа можат да бидат домашни и странски правни лица.

Член 5

Трговското друштво и трговецот поединец во зависност од видот на услугата што ја дава може да биде туристичка агенција и туристичко биро.

Трговецот поединец којшто туристичката дејност на туристички водич или туристички придружник ја врши како занимање, постојано го носи називот туристички водич или туристички придружник.

Физичкото лице кое како слободно занимање повремено врши туристичка дејност на туристички водич или туристички придружник, го носи називот туристички водич или туристички придружник.

Член 6

Туристички здруженија на спортски и синдикални здруженија, културно-уметнички здруженија и друштва, здравствени, социјални установи и хуманитарни и верски организации можат да организираат туристички патувања за своите членови и членовите на нивното потесно семејство само преку туристички агенции.

Лицата од ставот 1 на овој член, не можат јавно да огласуваат и рекламираат туристички патувања од ставот 1 на овој член, освен известување на членовите на овие организации и установи.

Член 7

Туристичката дејност се врши согласно со одредбите на овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, добрите деловни обичаи и посебните узанси кои се однесуваат на вршењето на туристичката дејност.

III. УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ВРШЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

1. Минимално-технички услови и други услови за вршење на дејноста

Член 8

За вршење на туристичка дејност објектите треба да ги исполнуваат пропишаните минимално-технички услови и другите услови пропишани со закон.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ги пропишува минимално-техничките услови од ставот 1 на овој член.

Член 9

Вршителот на туристичката дејност е должен исполнувањето на условите од членот 8 став 1 на овој закон да го пријави на Државниот пазарен инспекторат и на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги, најмалку осум дена пред почетокот на вршењето на дејноста. Пријавувањето се врши на посебен образец.

Градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје го информира градоначалникот на градот Скопје за извршениот упис на физичките лица во регистарот во смисла на членот 3 став 2 од овој закон, како и пријавувањето од страна на вршителите на туристичката дејност.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ги пропишува формата и содржината на образецот на пријавата од ставот 1 на овој член.

Член 10

Вршителите на туристичката дејност, дејноста ја вршат во деловен објект.

Просторот на деловниот објект не смее да се користи за друга намена (домување и производство), освен давање на другите услуги наведени во членот 2 точка 2 на овој закон.

Деловниот простор не мора да биде засебна деловна целина ако тој простор се наоѓа во објекти наменети за трговски и банкарски активности, во хотели, во саемски простории, во терминали на патен, воздушен или наутички сообраќај.

Член 11

Туристичките агенции можат да имаат деловен објект надвор од седиштето на туристичката агенција (во натамошниот текст: деловница), која ги исполнува пропишаните услови од членот 8 став 1 на овој закон.

Деловницата од ставот 1 на овој член ги врши работите согласно со лиценцата која ја поседува туристичката агенција.

Копија од добиената лиценца на туристичката агенција, заверена од нотар, мора да има и во просторот на деловницата.

2. Видови на туристички услуги

Член 12

Туристичките агенции ги вршат следниве услуги:

1) организирање продажба и реализирање на туристички пакет-аранжмани;

2) продажба и посредување на продажба на угостителските и други туристички услуги;

3) посредување и давање на услуги на патувања и престој и други услуги врзани со нив;

4) организирање продажба на билети и спроведување на излетнички програми;

5) прифаќање и превоз на патници;

6) продажба и посредување во продажба на билети или резервација на места за сите видови превозни средства;

7) резервирање на сместување и други услуги во угостителските објекти;

8) застапување на домашни и странски туристички агенции;

9) давање на туристички информации и туристички промотивни материјали за свои аранжмани, туристички и други настани;

10) посредување во добивање на визи потребни за аранжмани во странство, како и потребни дозволи за лов, риболов, нуркање и други дозволи потребни за организирање и спроведување на различни видови туризам;

11) организирање и посредување во продажба на услуги на стациониранот, селски, бањски, здравствен, конгресен, спортски, ловен и други видови туризам;

12) организирање на служба на туристички придружници, како и прифаќање на гостите при доаѓање и заминување од местото во туристичката дестинација, како и придружување на малолетни лица во рамките на туристичките аранжмани;

13) организирање на давањето на услуги од страна на туристичките водичи и

14) осигурување на патниците и предметите во случај на репатријација, несреќа и болест.

Член 13

Туристичката агенција може да врши комерцијални туристички информативно-советодавни и промотивни активности, и тоа:

1) промовирање на давателите на услуги;

2) промовирање на деловните партнери;

3) промовирање на туристичките аранжмани;

4) издавање туристички публикации;

5) користење на информативни и промотивни средства;

6) давање информации и совети во врска со патувањето за можните превозни средства, возниот ред, цените, прописите, формалностите и пропратните услуги;

7) давање информации во врска со престојот;

8) давање информации за карактеристиките на туристичките дестинации, за условите на сместување и исхрана, за општествено-политичкиот систем, за политичката состојба, за цените на услугите, за природните и антропогените атрактивности, за спортскиот, културниот и забавниот живот, за јазиците на кои се зборува и за временската состојба и

9) давање на други информации: околу осигурувањето и полисите, патните исправи, банкарските и валутните односи, условите на плаќање и здравствените услуги.

Член 14

Туристичката агенција може, покрај услугите од членовите 12 и 13 на овој закон, да дава и други услуги, под услови утврдени со закон, како што се: организирање и давање на услуги во врска со чековни картички и патни чекови, како и давање на менувачки услуги; изнајмување и посредување во изнајмување на возила (рент-а-кар, пловни објекти, летала, чување и одржување на пловните објекти), организирање на културни и спортски манифестации; продавање на сувенири, туристичка литература, весници, домашни ракотворби и друга стока што вообичаено се продава во туристичкиот промет; продавање на влезници за културни, спортски и други приредби; среќки на лотарија и уплатување на лото и спортска прогноза.

3. Права и обврски на агенциите

Член 15

Туристичката агенција зависно од лиценцата ги има и следниве права и обврски:

1) на влезот на деловниот простор да ја истакне фирмата;

2) назнаката “туристичка агенција”, патничка агенција и вообичаените изрази какви што се “Tours” и “Travel”, во фирмата можат да ги користат само туристичките агенции кои добиле лиценца;

3) да има идентификационен код;

4) да даде информација на барање на корисникот на услугите во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција;

5) да склучи договор со корисникот на услугата во кој ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите;

6) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи, видливо да се истакне фирмата, седиштето и идентификациониот код на туристичката агенција;

7) да склучува договори само со сообраќајни претпријатија чии превозни средства ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај;

8) да склучува договори и да презема други деловни активности само со угостителски правни субјекти кои поседуваат лиценца и категорија на објектот;

9) да чува како деловна тајна сé што знае за корисникот на услугите и неговото однесување и без негово одобрение, освен во законските пропишани услови на никого не смее да му ги даде адресата на корисникот на услуга, местото и времето на патувањето, престојот, уплатената цена, како и името на неговиот сопатник;

10) да се придржува кон утврдените услови во договорите кои ги воспоставува со корисниците на услуги и третото лице како давател на услуги;

11) да го информира корисникот за други опции за склучување полиси за осигурување за да се утврди цената на откажување од страна на корисникот или цената за помош во случај на репатријација, несреќа и болест;

12) на видно место во туристичката агенција да ја истакне лиценцата или копија заверена од нотар;

13) да ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечни услуги;

14) за секоја продадена услуга или аранжман да издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугата и

15) при продажбата и реализацијата на услугите да се придржува на договорот и програмата за туристичкиот аранжман.

Член 16

Договорот од членот 15 став 1 точка 5 ги содржи особено следниве елементи:

1) патната дестинација или дестинациите и времето на престојот со датуми;

2) средствата, карактеристиките и категориите кои ќе се користат, датумите, времето и местото на тргнување и враќање;

3) кога пакет-аранжманот содржи сместување, неговата локација, неговата туристичка категорија или степенот на комфорот, неговите главни карактеристики и планот за оброци;

4) дали е потребен минимален број на луѓе за пакет-аранжманот да се оствари, и ако е потребен, крајниот рок за информирање на корисникот доколку пакет-аранжманот се откаже;

5) посети, екскурзии или други услуги кои се вкучени во вкупната цена договорена за пакет-аранжманот;

6) името и адресата на организаторот, посредникот на пакет-аранжманот и каде што треба и осигурителот;

7) цената на пакет-аранжманот, индикации за можноста на ревизија на цените, индикација за било која царина, такса или давачки за наплата на определени услуги (слетување, испловување или впловување или давачки за испловување во пристаништата и аеродромите, туристички такси), кога тие цени не се вклучени во пакет-аранжманот;

8) планот и начинот на плаќање;

9) посебните барања кои корисникот му ги истакнал на организаторот или посредникот кога резервирал пакет-аранжман и коишто ги прифатиле и

10) времето во кое корисникот може да се пожали за било што во врска со неисполнувањето или несоодветното исполнување на одредбите од договорот.

Еден примерок од договорот од ставот 1 на овој член се дава на корисникот на услугата.

Член 17

Туристичкиот ваучер се издава од страна на туристичката агенција која поседува лиценца.

Туристичкиот ваучер може да се издава на корисникот само од името и за сметка на туристичката агенција која има лиценца.

Туристичкиот ваучер се издава најмалку во три примероци и ги содржи следниве елементи:

1) број и датум на издавањето на ваучерот;

2) фирмата на туристичката агенција која го издава ваучерот;

3) бројот и видот на лиценцата на туристичката агенција;

4) име на корисникот;

5) список на платените услуги што се вклучени во туристичкото патување;

6) датум за исполнувањето на првата и последната услуга;

7) број и датум на документот со кој се утврдува плаќањето од страна на корисникот и

8) потпис и печат на издавачот на ваучерот.

Член 18

Туристичката агенција издава брошура во врска со патувањето и престојот на корисниците на услугите. Информациите во брошурата треба да бидат вистинити и разбирливи.

Брошурата треба да ги содржи следниве елементи:

1) целта и начинот на патувањето, како и карактеристиките на местата за патување;

2) начин на сместување, негова локација, категорија или степен на комфор и неговите главни карактеристики, дозвола за сместувањето и туристичка класификација според правилата на земјата домаќин;

3) планот на оброците;

4) маршрутата на патот;

5) генерални информации за пасошот и визите и за здравствените формалности потребни за патувањето и престојот;

6) паричниот износ или за процентот на цената којашто треба да се плати на сметка и планот за плаќање на билансот и

7) минимален број на луѓе за започнување на пакет-аранжманот и крајниот рок за информирање на корисникот, доколку се откаже од пакетот.

Податоците кои се наведени во брошурата се обврзувачки за организаторот или за посредникот, доколку:

1) промените на податоците биле јасно наведени на корисникот пред потпишувањето на договорот и

2) промените се направени подоцна по договор меѓу страните од договорот.

Член 19

Вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно со прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред и разладен фрижидер.

Член 20

Туристичката агенција не смее да ја зголеми цената утврдена во договорот 20 дена пред договорениот ден за започнување на користење на туристички услуги.

Член 21

Во случај кога туристичката агенција го откаже туристичкиот пакет-аранжман од било која причина, освен поради грешка на корисникот пред договорената дата на тргнување, корисникот на услугите има право:

1) да земе туристички аранжман кој му одговара или друг сличен пакет-аранжман од повисок квалитет таму каде што туристичката агенција може да му понуди како замена. Ако туристичкиот пакет-аранжман на замената е од понизок квалитет, туристичката агенција ќе му ја врати разликата во цената на корисникот или

2) да му се врати во најкраток можен рок целата сума која ја платил по договорот, освен кога:

- пакет-аранжманот е откажан поради тоа што бројот на лицата кои се пријавиле е помал од минималниот број потребен и корисникот за тоа е писмено известен, во периодот определен во договорот за пакет-аранжманот или

- откажувањето, освен во случаи на пребукирање е од виша сила, на пример: необични и непредвидени околности надвор од контролата на лицето коешто се повикува на тоа, а последиците од тоа не би можеле да се избегнат дури и да се преземени сите предострожности.

Ако по тргнувањето голем дел од услугите не се остварени/дадени или ако туристичката агенција увиди дека не е во можност голем дел од услугите да ги изврши, ќе предложи алтернативни аранжмани што одговараат за продолжување на пакет-аранжманот, без дополнителни трошоци за корисникот и ако треба ќе компензира на корисникот за разликите меѓу понудените и добиените услуги.

Ако не е возможно да се направат алтернативните аранжмани во смисла на претходниот став од овој член или тие не се прифатени од корисникот поради оправдани причини, туристичката агенција ќе направи алтернативни аранжмани какви што одговараат без дополнителни трошоци за корисникот, со еквивалентен превоз назад до местото на тргнување, или на некое друго место каде што корисникот се сложил и ако треба ќе го компензира корисникот.

Член 22

Ако корисникот е спречен да продолжи со користењето на туристичкиот пакет-аранжман, тој може да ја трансферира неговата резервација, давајќи му претходно на организаторот или посредникот навремена информација во разумно време за својата намера пред поаѓањето, на лице кое ги задоволува сите услови што се однесуваат на туристичкиот пакет-аранжман. Преносителот на туристичкиот пакет-аранжман и лицето на кое туристичкиот пакет-аранжман му е пренесен, се должни да бидат во постојана врска со организаторот или посредникот за плаќање на било кои дополнителни трошоци кои можат да настанат при таков трансфер.

Член 23

Туристичката агенција при реализација на туристичкиот пакет-аражман или патување и престој во странство треба да обезбеди информации за:

1) времето, местата на запирање и транспортните конекции, како и местото на патникот, на пример: кабина или кревет на брод и кабина за спиење во воз и

2) името, адресата и телефонскиот број на локалниот претставник на туристичката агенција и/или посредникот, или на локалната агенција на чијашто помош корисникот може при тешкотија да им се јави. Таму каде што таква агенција не постои, на корисникот мора да му се даде телефонскиот број во случај на итност или било која друга информација којашто би му овозможила да контактира со туристичката агенција и/или посредникот.

Туристичката агенција при реализација на туристичкиот пакет-аранжман или патување и престој во странство на малолетни лица, е должна да овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој.

Член 24

Туристичката агенција при реализација на туристичкиот пакет-аранжман или патување и престој во странство е должна на излез од земјата да има докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар), договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршени плаќања за сместувачките и други услуги преку соодветна банкарска институција.

4. Вршење на туристичка дејност со лиценца

Член 25

Туристичките агенции за вршење на дејноста мора да имаат лиценца за вршење на туристичката дејност (во натамошниот текст: лиценца).

Лиценцата може да биде: лиценца “А”, лиценца “Б” и лиценца “В”.

Лиценцата од ставот 2 на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот или овластена институција.

За да биде овластена институцијата од ставот 3 на овој член, треба да има вработено најмалку три лица со високо образование и тоа од областа на правото, економијата и туризмот. Институцијата од ставот 3 на овој член ја овластува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата од ставот 2 на овој член.

5. Постапка за добивање на лиценца

Член 26

Туристичките агенции за добивање на лиценца поднесуваат барање до давателот на лиценцата со наведување на фирмата и седиштето на барателот и видот на лиценцата што се бара.

Со барањето од ставот 1 на овој член се приложува:

1) решение за упис во трговскиот регистар;

2) известување за исполнување на условите за вршење на туристичка дејност;

3) податоци за одговорното лице;

4) доказ дека склучил годишен договор за осигурување од одговорност за вршење на дејноста, доколку е предвидено со овој закон;

5) доказ за позитивен бонитет за последните шест месеци пред поднесувањето на барањето и

6) изјава дека од денот на добивањето на лиценцата секоја година ќе доставува доказ за позитивен бонитет.

Против решението на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, со кое е одбиено барањето за издавање на лиценцата може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од втор степен од областа на туризмот.

Против решението на овластената институција од членот 25 став 3 на овој закон со кое е одбиено барањето за издавање на лиценца, може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

6. Издавање на лиценца

Член 27

Лиценцата се издава во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето од страна на вршителот на туристичката дејност.

Лиценцата има важност од три години.

7. Запишување на лиценцата во регистар

Член 28

Лиценцата се запишува во регистарот на туристичките агенции кој го води давателот на лиценцата.

Овластената институција од членот 25 став 3 на овој закон, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, доставува известување за промените настанати во регистарот од ставот 1 на овој член, веднаш по настанувањето на промените.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината и начинот на водење на регистарот.

8. Промена на елементите од содржината на лиценцата

Член 29

Секоја промена на содржината на лиценцата, туристичката агенција е должна да ја пријави кај давателот на лиценцата во рок од осум дена од денот на настанатата промена.

9. Престанок на важење на лиценцата

Член 30

Лиценцата престанува да важи:

1) по истекот на рокот на важење на лиценцата;

2) ако секоја година сметано од денот на добивањето на лиценцата не достави доказ за позитивен бонитет;

3) ако туристичката агенција во периодот на важење на лиценцата претстане да ги исполнува условите за вршење на туристичка дејност, односно определените услови за добивање на соодветна лиценца предвидени во членовите 31, 32 и 33 на овој закон и

4) врз основа на барање на носителот на лиценца за бришење од регистарот на туристичките агенции.

Решение за престанок на важење на лиценцата од овој член донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот и овластената институција од членот 25 став 3 на овој закон.

Решението од ставот 1 на овој член се запишува во регистарот од членот 28 на овој закон, односно овластената институција за издавање на лиценца.

Против решението за престанок на важење на лиценцата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на туризмот.

Против решението за престанок на важење на лиценцата на овластената институција од членот 25 став 3 на овој закон, може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

10. Услови за давање на лиценца "А", "Б" и "В"

Член 31

За добивање лиценца "А" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да склучи годишен договор со осигурително друштво за осигурување за одговорност од вршење на дејноста во износ од 50.000 евра во денарска противвредност;

2) да има позитивен бонитет за последните шест месеци пред поднесувањето на барањето, а за ново основаните агенции по истекот на шест месеци од денот на добивањето на лиценцата;

3) да има најмалку четири вработени лица, од кои две лица со доказ дека активно познаваат еден од светските јазици и еден од вработените да има положен ИАТА курс за продажба на авионски билети и

4) да има туристички водич и туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку 15 лица.

Член 32

За добивање лиценца "Б" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да склучи годишен договор со осигурително друштво за осигурување од одговорност од вршење на дејноста во износ од 15.000 евра во денарска противвредност;

2) да има позитивен бонитет за последните шест месеци пред поднесувањето на барањето, а за ново основаните агенции по истекот на шест месеци од денот на добивањето на лиценцата;

3) да има најмалку две вработени лица, од кои едно лице со доказ дека активно познава еден од светските јазици и еден од вработените да има положен ИАТА курс за продажба на авионски билети и

4) да има туристички водич и туристички придружник при секоја реализација на патување во земјата или странство за најмалку 15 лица.

Член 33

За добивање лиценца “В” туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има вработено лице со положен ИАТА курс за продажба на авионски билети и

2) да има туристички водич и туристички придружник при секоја реализација на патување во земјата за група од најмалку 15 лица.

11. Услуги од туристичките агенции

Член 34

Имателот на лиценца “А”, може да врши организирање на туристички патувања во земјата и во странство (туроператорска дејност).

Член 35

Врз основа на добиената лиценца “А” , туристичката агенција може да се занимава и со посреднички, организаторски, информативно - советодавни и промотивни активности и други активности во врска со патувањето и престојот на корисниците на услугите во земјата и во странство.

Член 36

За продажбата и реализацијата на туристичкиот аранжман, туристичката агенција која има добиено лиценца “А” склучува договор со корисникот на туристичките услуги.

Договорот од ставот 1 на овој член, како основа ги содржи елементите предвидени со членот 16 на овој закон и Програмата на турстичкиот аранжман.

Програмата на турстичкиот аранжман ги содржи следниве елементи:

1) дестинацијата на патувањето со времето на престој по определени дати;

2) вид на превоз или превози и класа со дати, време и место на поаѓање и пристигнување;

3) сместување со прецизна локација и категорија на објектот за сместување ако во земјата во која се патува има категоризација, посебни специфичности и главни особини на објектот и соби каде ќе бидат сместени корисниците на услугите и придржувањето кон законите и правилата на земјата домаќин;

4) услови за конзумирање на храна и пијалаци со точно определување на категоријата на објектите за оваа намена, нивната локација и време на користење на услуги во рамките на туристичките аранжмани;

5) посети на туристички атрактивни локации со опис на локалитетот, неговата локација и време на посета;

6) користење на посебни услуги за време на престојот со локација и време на користење на услугите;

7) итинерер во кој се вклучени и маршрутите;

8) цена на туристичкиот аранжман;

9) укажување на можноста од промена на цената и укажување на било какви давачки, такси или надометоци кои се наплатуваат за определени услуги (туристички такси, сместување, утовар, растовар на пристаништата и аеродромите), кога таквите трошоци не се вклучени во аранжманот;

10) услови и начин на плаќање;

11) осигурување на корисниците на услугите и предметите кои ги носат и надоместување на штетата поради вина на туристичката агенција;

12) минимален број на лица кои се опфатени со туристичкиот аранжман, како корисници на услугите;

13) последен рок за известување на корисниците во случај на откажување на реализацијата на аранжманот;

14) осигурување на туристичкиот аранжман со гаранција кај осигурително друштво поради надомест на трошоците на корисникот на услуги во следниве случаи: ако изостанат услугите, а туристичката агенција се наоѓа во платежна немоќ или стечај и ако корисникот на услуги не може да се врати поради причините наведени во овој став и

15) издавање на потврда за осигурување на гаранцијата која овозможува непосредно остварување на правата за надомест за штетата за настанатите трошоци.

Член 37

Туристичката агенција, носител на лиценца "Б" може да врши продажба и посредување на туристичките патувања организирани од вршителите на туристичката дејност со лиценца "А", како и други услуги во смисла на членовите 12,13 и 14 од овој закон.

Туристичката агенција која добила лиценца "Б" може да ги врши сите активности во странство согласно со овој закон, ако е овластена од страна на туристичката агенција која поседува лиценца "А" со склучување на договор.

Врз основа на добиената лиценца "Б" туристичката агенција може да се занимава со сите активности со кои може да се занимава туристичката агенција која има добиено лиценца "А", но само во рамките на земјата.

Член 38

Туристичката агенција, носител на лиценца "В" може да врши продажба на туристички патувања во земјата организирани од имателите на лиценца "А" и лиценца "Б", кои се должни да ги осигураат патниците.

Врз основа на добиената лиценца "В" туристичката агенција може да се занимава со активностите наведени во членовите 12, 13 и 14 од овој закон.

Туристичката агенција која има добиено лиценца "В" може во земјата да ја претставува туристичката агенција која поседува лиценца "А" или лиценца "Б", ако добила такво овластување со склучување на договор.

12. Туристички водич

Член 39

Туристички водич е лице кое на домашните и странските посетители во Република Македонија им ги презентира природните и антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата и културно-историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атрактивности, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата и има комуникативни способности општи познавања од туризмот и психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи.

За туристички водич не се смета стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и слично), стручен работник на туристичката агенција кој придружува група туристи од место во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водител или придружник на екскурзии и излети.

Член 40

За давање услуга на туристички водич, туристичкиот водич мора да ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија и

2) да има живеалиште на територијата на Република Македонија.

Туристичкиот водич мора да има најмалку средна стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич.

Член 41

Стручен испит за туристички водич се полага пред испитна комисија.

Испитната комисија за полагање стручен испит за туристички водич, ја формира високообразовната установа за туризам и угостителство.

Стручниот испит за туристички водич се полага според утврдена програма.

Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ја донесува високообразовната институција за туризам и угостителство по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието и науката, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

Програмата од ставот 4 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 42

Трошоците за полагање на стручен испит за туристички водич ги намирува кандидатот.

Трошоците од ставот 1 на овој член, можат да ги надоместат правните и физичките лица кои се заинтересирани за услугите на туристичките водичи.

Висината на трошоците од ставот 1 на овој член ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 43

На кандидатот кој го положил стручниот испит, високообразовната институција му издава уверение.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на уверението од ставот 1 на овој член .

Член 44

Својството на туристички водич се докажува со посебна легитимација.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата од ставот 1 на овој член.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член, ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот или институција овластена за издавање на легитимации.

За да биде овластена институцијата од ставот 3 на овој член, треба да има вработено најмалку три лица со високо образование и тоа од областа на правото, економијата и туризмот. Институцијата од ставот 3 на овој член ја овластува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

13. Туристички придружник

Член 45

Туристички придружник е лице кое ја придружува туристичката група. Тој треба да ги познава најзначајните туристички региони во светот, како и туристичките места во Република Македонија, општественото уредување, царинските и банкарските работи, сообраќајните можности и да поседува комуникативни способности и користи еден од светските јазици.

Член 46

Туристичкиот придружник може да помага во патувањето на туристичката група при преминување на границата, плаќањето и менувањето на финасиски средства и при давање на други услуги меѓу непосредните корисници и даватели на услуги.

Член 47

Туристичкиот придружник мора да има најмалку средна стручна подготовка.

Член 48

Својството на туристички придружник се докажува со посебна легитимација.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата од ставот 1 на овој член.

Легитимацијата од ставот 1 на овој член, ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот или институција овластена за издавање на легитимации.

За да биде овластена институцијата од ставот 3 на овој член треба да има вработено најмалку три лица со високо образование и тоа од областа на правото, економијата и туризмот. Институцијата од ставот 3 на овој член, ја овластува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

14. Туристичко биро

Член 49

Туристичкото биро ги врши следниве работи:

1) посредува во обезбедување услуги во домашно сместување;

2) продава билети за културни, забавни, спортски, рекреативни и стопански приредби;

3) продава сувенири, разгледници, брошури, туристички карти, филмови, фотоапарати и

4) дава туристички информации и врши дистрибуција на информативно-промотивни материјали.

Член 50

Основач на туристичкото биро може да биде и градоначалникот на општината, а за градот Скопје, градоначалникот на градот Скопје.

15. Услуги во селски, етно и еколошки туризам

Член 51

Туристички услуги во селскиот и етно туризам се: изнајмување на коњи за јавање, фото-сафари, изработка и продажба на домашни ракотворби, сувенири, инструменти и други производи и услуги во селското домаќинство.

Туристичките услуги од ставот 1 на овој член може да ги дава физичко лице кое е регистрирано кај градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Под услуги во еколошки туризам во смисла на овој закон се смета престој во подрачја со посебни природни карактеристики, како и во заштитени подрачја заради одмор, рекреација и разгледување на природните убавини на начин утврден со закон.

Под туристички услуги од ставот 3 на овој член се подразбира изнајмување на превозни средства заради разгледување на природните убавини, продажба на плодови од природата, давање објаснување на природните убавини, фото-сафари и други услуги со кои не се нанесува штета на природата на начин утврден со посебен закон.

Туристичките услуги од ставот 3 на овој член може да ги дава физичко лице кое е регистрирано кај градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Давањето на услугите од ставовите 1 и 3 на овој член, се врши со посредување на вршителите на туристичка, односно угостителска дејност, врз основа на договор.

16. Други видови туристички услуги

Член 52

Други видови туристички услуги во смисла на овој закон се сметаат: организирање рекреативни и забавни активности на плажи и базени, изнајмување на пловила за забава (сандолини, даска за едрење и слично), прибор за скијање на вода, велосипед, лежалка и чадор за заштита од сонце, прибор за риболов и слично.

За давање на услугата од ставот 1 на овој член, давателот на услугата е должен да му обезбеди на корисникот услуги на осигурување од повреда или смрт.

Услугата од мал обем од ставот 1 на овој член, можат да ја даваат физички лица.

Давателот на услугата од ставот 1 на овој член е должен опремата и приборот кои ги издава на корисникот да ги одржува така за да бидат безбедни за користење.

17. Работно време

Член 53

Туристичките агенции и туристичките бироа можат да работат секој работен, неделен и празничен ден.

Член 54

Туристичките агенции и туристичките бироа можат да работат 24 часа.

Вршителот на туристичка дејност самостојно го определува работното време од ставот 1 на овој член, во согласност со своите деловни интереси, карактеристиките на подрачјето и потребите на корисниците на услугите и е должен да се придржува на истото.

Член 55

Туристичката агенција е должна часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време да го пријави на градоначалникот на општината, а во градот Скопје, на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје и Државниот инспекторат за труд во рок од осум дена пред денот на почетокот на вршењето на туристичката дејност и пред измената на часот и распоредот на работното време на објектот.

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје, градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, водат евиденција за работното време на објектите што работат на подрачјето на нивната надлежност.

Во случај на објективни причини што бараат затворање на туристичкиот објект или измени на работното време на коишто вршителот на туристичката дејност не може да влијае, вршителот на туристичката дејност може да го затвори туристичкиот објект, односно да го измени распоредот на работното време без да ја има исполнето обврската од ставот 1 на овој член, за што е должен да го извести градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје и Државниот инспекторат за труд во рок од 48 часа од денот на настанувањето на причината.

Вршителот на туристичката дејност ја поднесува пријавата од ставот 1 на овој член, на образец за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ги пропишува содржината и формата на образецот за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Член 56

Вршителот на туристичката дејност е должен работното време да го истакне на влезот на објектот и на видно место во објектот.

Вршителот на туристичката дејност е должен да се придржува на работното време.

Член 57

Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот, донесува годишна Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност на Република Македонија.

Средствата од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

IV. НАДЗОР

Член 58

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот.

Надзорот над спроведувањето на одредбите со кои се утврдени надлежностите на другите органи на државната управа, ги вршат тие органи во рамките на нивните надлежности утврдени со закон.

Надзор над работата на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје по однос на водењето на регистарот за физичките лица кои повремено вршат туристичка дејност на туристички водич и туристички придружник, како и водењето на регистарот за давањето на услугите во селски и етно-туризам и другите видови на угостителски услуги од мал обем, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 59

Работите на инспекцискиот надзор ги врши Државниот пазарен инспекторат преку инспектори, согласно со одредбите од Законот за пазарната инспекција и овој закон.

Член 60

Работите на инспекцискиот надзор на вршителите на туристичката дејност од мал обем регистрирани во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, вршат овластени инспектори на општината, а во градот Скопје овластени инспектори на градот Скопје, како што се:

1) исполнувањето на условите и начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот водич и туристичкиот придружник;

2) вршењето на работите од страна на туристичкото биро и

3) исполнувањето на условите за селски и етно-туризам.

Член 61

Овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје при вршење на надзорот, ако утврди дека физичкото лице:

1) дејноста туристички водич или туристички придружник ја врши без да е запишан во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје, во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 3 став 2);

2) исполнувањето на минимално техничките услови не го пријави со посебен образец на градоначалникот на општината, а во градот Скопје, во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 9 став 1);

3) врши дејност како туристички водич без да има стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич (член 40 став 2);

4) врши дејност како туристички придружник без да има најмалку средна стручна подготовка (член 47);

5) туристичкото биро врши активности спротивно на членот 49 на овој закон;

6) врши услуги во селски, етно и еколошки туризам спротивно на одредбите од членот 51 на овој закон и

7) не го пријави работното време кај градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје во смисла на членот 55 став 1 на овој закон,

ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста и ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци.

Ако во определениот рок физичкото лице не ги отстрани утврдените недостатоци, овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје ќе донесе решение за забрана на вршење на туристичка дејност во времетраење од 30 дена.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на истото до министерот кој раководи со органите на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 62

Ако при вршењето на надзорот овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје дојде до сознание дека постои основа на сомневање дека е извршен прекршок со кој е сторена повреда на овој закон или друг пропис, должен е без одлагање да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 63

За овластен инспектор на општината, а во градот Скопје за овластен инспектор на градот Скопје може да се назначи лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија и

2) да има високо стручно образование од економска или туристичко-угостителска струка и најмалку две години работно искуство.

Член 64

Надзор над работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје, се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварување на нивните надлежности.

При вршењето на надзорот над работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот ги врши следниве работи:

1) ја следи законитоста на работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината, односно градот Скопје во согласност со закон;

2) оценува дали органите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје обезбедуваат вршењето на работата од нивната надлежност да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон;

3) им укажува на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје на пречекорувањата на нивните надлежности утврдени со закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на ваквата состојба;

4) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен инерес од локално значење;

5) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје кои треба да ги вршат во рамките на законот, а на нивно барање;

6) го следи навременото донесување на прописите утврдени со овој закон на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје;

7) поднесува иницијативи и предлози до советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје, доколку констатира неспроведување на закон како резултат на судир на надлежности меѓу органите на општината;

8) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на управни работи за права, обврски и интереси на физичките и правните лица донесени врз основа на овој закон и презема мерки по овластување со законот и

9) навремено ги известува органите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

За преземените мерки и активности од ставот 2 точки 6 и 8 на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот го информира советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и Советот и градоначалникот на градот Скопје.

Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и Советот и градоначалникот на градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите од ставот 2 на овој член, по сила на закон, им се одзема или ограничува вршењето на соодветната надлежност.

Вршењето на одземените работи го презема органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, вршењето на одземените работи од надлежност на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на советот и градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Советот и градоначалникот на градот Скопје ги врши во име и за сметка на општината и на градот Скопје.

Член 65

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека вршителот на туристичката дејност:

1) не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 1);

2) ја врши дејноста без да се исполнети пропишаните минимално технички услови и другите услови пропишани со закон (член 8);

3) за исполнувањето на минимално техничките услови не го пријави со посебен образец Државниот пазарен инспекторат (член 9 став 1);

4) деловниот простор се користи спротивно на одредбата од членот 10 став 2 на овој закон;

5) назнаката “туристичка агенција”, “патничка агенција” и вообичаените изрази какви што се “Tours” и “Travel”, во фирмата ги користат туристичките агенции кои немаат добиено лиценца (член 15 став 1 точка 2);

6) не склучи договор со корисникот на услугата во кој би биле јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 точка 5);

7) не склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

8) склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти, кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот (член 15 став 1 точка 8);

9) за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугата (член 15 став 1 точка 14);

10) при продажбата и реализацијата не се придржува на договорот и програмата за туристичкиот аранжман (член 15 став 1 точка 15);

11) при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус не обезбеди превозните средства да ги исполнуваат условите согласно со прописите од областа на јавниот патен сообраќај, немаат клима-уред и разладен фрижидер (член 19);

12) не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членот 21 став 1 точка 2 на овој закон;

13) не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

14) при реализација на туристичкиот аранжман или патување и престој во странство на малолетни лица не овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој (член 23 став 2);

15) при реализација на туристичкиот пакет-аранжман или патување, или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар, договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршени плаќања за сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24);

16) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

17) еднаш годишно не достави доказ за позитивен бонитет (член 30 став 1 точка 2);

18) имателот на лиценца “А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон;

19) имателот на лиценца “Б” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон и

20) имателот на лиценца “В” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 33 на овој закон,

ќе донесе решение за забрана на вршење на туристичката дејност во траење од 30 дена, ќе го затвори туристичкиот објект и на видно место ќе ја објави причината за затворање на објектот.

Доколку и по втор пат во текот на годината е направен прекршок од ставот 1 на овој член, надлежниот инспекциски орган ќе донесе решение со кое ќе изрече забрана за вршење на туристичка дејност во траење од 60 дена, ќе го затвори туристичкиот објект и на видно место ќе ја објави причината за затворање на објектот.

Во случаите од ставот 1 алинеја 7 на овој член пазарниот инспектор ќе му предложи на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот да ја одземе лиценцата.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член, може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 66

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека вршителот на туристичката дејност:

1) на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

2) нема идентификационен код (член 15 став 1 точка 3);

3) во промотивните печатени материјали како и во сите работни документи, видливо не се истакне фирмата, седиштето и идентификациониот код на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

4) на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата или копија заверена од нотар (член 15 став 1 точка 12);

5) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13);

6) договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16 на овој закон;

7) туристичкиот ваучер не ги содржи елементите од членот 17 став 3 на овој закон;

8) информациите во издадената брошура не се вистинити и разбирливи (член 18 став 1);

9) брошурата не ги содржи елементите предвидени во членот 18 став 2;

10) врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 и 38 на овој закон;

11) ангажира туристички водич стручен работник кој ја врши дејноста на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и слично), стручен работник на туристичка агенција која придружува група туристи од место до место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водител или придружник на екскурзии и излети (член 39 став 2);

12) ангажира туристички придружник кој нема најмалку средна стручна подготовка (член 47);

13) не го пријави работното време на Државниот инспекторат за труд (член 55 став 1) и

14) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56 став 1),

ќе донесе решение со кое на лице место ќе го затвори туристичкиот објект и ќе му определи рок од пет дена за отстранување на утврдените недостатоци. Ако во определениот рок не се отстранат утврдените недостатоци, надлежниот инспекциски орган ќе донесе решение за забрана на вршење на туристичка дејност во траење од 30 дена и на видно место ќе ја објави причината за затворање на објектот.

Доколку и по втор пат во текот на годината е направен прекршок од ставот 1 на овој член, надлежниот инспекциски орган ќе донесе решение со кое ќе изрече забрана за вршење на туристичка дејност во траење од 60 дена, ќе го затвори туристичкиот објект и на видно место ќе ја објави причината за затворање на објектот.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член, може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 67

Со парична казна од 80.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

1) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

2) не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став 1);

3) не ги исполнува пропишаните минимално технички услови (член 8 став 1);

4) деловницата на туристичката агенција врши активности спротивно на лиценцата што ја поседува туристичката агенција (член 11 став 2);

5) не склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства не ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

6) склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот (член 15 став 1 точка 8);

7) не чува како деловна тајна сé што знае за корисникот на услугите и без негово одобрение, освен во законски пропишаните услови, ја даде адресата на корисникот на услугата, местото и времето на патувањето, престојот, уплатената цена, како и името на неговиот сопатник (член 15 став 1 точка 9);

8) не се придржува кон утврдените услови во договорите кои ги воспоставува со корисниците на услуги и третото лице како давател на услуги (член 15 став 1 точка 10);

9) за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугите (член 15 став 1 точка 14);

10) не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1 точка 15);

11) при организирање на туристички патувања во странство со автобус не обезбеди превозните средства да ги исполнуваат условите согласно со прописите од јавниот патен сообраќај, немаат клима уреди и разладен фрижидер (член 19);

12) изврши зголемување на цената утврдена во договорот 20 дена пред договорениот ден за започнување за користење на туристичките услуги (член 20);

13) не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членот 21 став 1 точка 2 на овој закон;

14) не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

15) при реализација на туристички аранжман или патување, или престој во странство на малолетните лица не им овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој (член 23 став 2);

16) при реализација на туристичкиот аранжман или патување или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар), договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршено плаќање на сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24);

17) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1) и

18) не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29).

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај паричната казна може да се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на туристичката дејност во траење од една до три години.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 10.000 до 50.000 денари.

Физичко лице кое ќе стори прекршок од ставот 1 точка 1 на овој член, ќе се казни со парична казна од 10.000 до 20.000 денари.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај паричната казна на одговорното лице во правното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на туристичка дејност во траење од шест месеци до една година.

Член 68

Со парична казна од 50.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

1) не го извести со посебен образец Државниот пазарен инспекторат и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку осум дена пред почетокот на вршењето на дејноста (член 9 став 1);

2) деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите на членот 10 став 2 на овој закон;

3) назнаката “туристичка агенција”, “патничка агенција” и вообичаените изрази какви што се “Tours” и “Travel”, во фирмата ги користат туристичките агенции кои немаат добиено лиценца (член 15 став 1 точка 2);

4) не склучи договор со корисникот на услугата во кој ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

5) договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16 на овој закон;

6) туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3;

7) имателот на лиценца “А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон;

8) имателот на лиценца “Б” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон;

9) имателот на лиценца “В” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 33 на овој закон и

10) врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 и 38 на овој закон.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај паричната казна на правното лице, може да се изрече и мерка на безбедност забрана на вршењето на туристичка дејност во времетраење од три месеци до една година.

Ако правното лице во текот на две години од денот на изрекување на мерката од ставот 2 на овој член стори исти такви дејствија за кои е изречена мерката за безбедност, ќе му се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на туристичка дејност од две до пет години.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 10.000 до 20.000 денари.

Покрај паричната казна од ставот 4 на овој член на одговорното лице, може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на одговорна дејност во областа на туризмот од шест месеци до една година.

Член 69

Со парична казна од 50.000 до 120.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

1) на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

2) нема идентификационен код (член 15 став 1 точка 3);

3) на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);

4) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата, седиштето и идентификациониот код на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

5) на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12) и

6) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56).

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни одговорното лице во правното лице со парична казна од 10.000 до 30.000 денари.

Член 70

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни вршителот на туристичката дејност - трговец поединец за дејствијата од членовите 66, 67 и 68 на овој закон.

За дејствијата од членот 66 став 1 на овој закон покрај парична казна може да се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на туристичка дејност на трговец поединец од три месеци до една година.

За дејствијата од членот 67 став 1 и членот 68 став 1 на овој закон, покрај паричната казна, може да се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на туристичка дејност во траење од три месеци до една година.

Член 71

Со парична казна од 15.000 до 50.000 денари ќе се казни физичкото лице, ако:

1) не е регистрирано за вршење на туристичка дејност (член 3 став 2 и член 51 став 2);

2) врши дејност на туристички водич, лице кое е стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и слично), стручен работник на туристичката агенција која придружува група туристи од место во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водич или придружник на екскурзии и излети (член 39 став 2);

3) врши дејност туристички водич или туристички придружник без положен соодветен стручен испит (член 40 став 2) и

4) дава услуги без посредување на вршителите на туристичка, односно угостителска дејност без да склучи договор (член 51 став 6).

Член 72

За дејствијата од членот 68 став 1 точка 1 и членот 69 став 1 на овој закон, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје може на самото место да наплати парична казна, и тоа:

1) за правно лице 10.000 денари;

2) за одговорно лице 8.000 денари и

3) за физичко лице - трговец поединец 5.000 денари.

Туристичко-угостителскиот инспектор на општината и градот Скопје за дејствијата од членот 71 став 1 точки 1, 3 и 4 на овој закон, може на самото место да наплати парична казна предвидена во ставот 1 од овој член.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 73

Започнатите постапки пред денот на примената на овој закон, ќе се довршат согласно со одредбите од Законот за угостителската и туристичката дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 23/95, 33/2000, 25/2002 и 38/2003).

Член 74

Вршителите на туристичка дејност, како и оние кои имаат положен испит за туристички водич, се должни да го усогласат своето работење според одредбите на овој закон во рок од една година од денот на примената на овој закон.

Член 75

Прописите предвидени според одредбите на овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на примената на овој закон.

Член 76

До донесувањето на нови подзаконски акти предвидени со овој закон, ќе се применуваат постојните прописи.

Член 77

Водењето на регистарот и евиденцијата предвидени со одредбите на овој закон ќе ги врши работникот којшто ќе го преземе градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, согласно со членот 80 од Законот за угостителската дејност од денот на примената на овој закон.

Член 78

Со денот на примената на овој закон престануваат да важат одредбите што се однесуваат на туристичката дејност од Законот за угостителската и туристичката дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 23/95, 33/2000, 25/2002 и 38/2003).

Член 79

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на трансферот на надлежностите и одредбите кои се во врска со трансферот ќе се применуваат од денот на примената на овој закон.

Член 80

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на конституирање на советите на општините и на градот Скопје и изборот на градоначалници на општините и градоначалникот на градот Скопје, по спроведување на првите наредни избори согласно со Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" број 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).